# Владеење на правото во контекст на пристапувањето кон ЕУ

краток документ

јануари – март 2022

Институт за европска политика. Скопје



Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во контекст на пристапувањето кон ЕУ

Тримесечен краток документ за политиките
јануари-март 2022 г.

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
д-р Ардита Абази Имери
Ангела Делевска
Ангел Мојсовски
Ива Цоневска Вангелова

Превод од англиски на македонски јазик:
Даниела Брајковска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2022

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Во овој документ за политиките накратко се обработени клучните настани во областа на владеењето на правото во контекст на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ, што се случиле во периодот од јануари до март 2022 година. Документот опфаќа **мониторинг на темелните прашања за пристапот во ЕУ (fundamentals), како и клучни документи во функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права**. Документот се заснова на редовен мониторинг на клучните институции, истражување документи со достапни информации, како и барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. [1]

## Клучни настани:

- Собраниската комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците почна со дискусија за предлог-законот за измена на Изборниот законик, со предлог за пропорционален модел, без долен праг на гласови, со Донтовиот модел за распределба на мандати, при што државата би била една изборна единица.
- Податоците од пописот беа објавени на крајот од март 2022 година и тие покажуваат дека населението се намалило за околу 10%.
- Со изборот на новата влада и назначувањето на нов министер за правда беше најавено подготвувањето на нова Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2023-2027. Беше назначен нов заменик-претседател на Владата (ЗПВ) задолжен за политики за добро владеење, заземајќи ја позицијата што претходно беше именувана како ЗПВ за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси.
- Со влегувањето во сила на новиот Закон за медијација беше најавена кампања под слоганот „Има решение", која има цел промовирање на медијацијата како алтернативен начин за решавање спорови; определени се и рокови за донесување на подзаконските акти, како и за назначување на национален координатор за медијација и членови на Советот за медијација. Сепак, постапката за избор сè уште не е почната.
- Одборот на Здружението на судиите донесе Стратегија за подобрување на материјалниот статус на судиите 2022-2024 и формираше работна група задолжена да изготви нови барања за институциите со конкретни рокови за спроведување.
- Северна Македонија е рангирана на 87-то место во светот со 39 индексни поени, додека претходната година земјата беше на 111-то место со 35 индексни поени според последниот Индекс за перцепција на корупцијата на „Транспаренси интернешнел", што е индикатор за напредокот постигнат заради гонење на високопрофилни случаи на корупција и јакнење на надзорните тела.
- Владата им овозможи на сите лица со попреченост кои се запишуваат во прв, втор или трет циклус на студии на јавните високообразовни институции да бидат иземени од партиципација. Покрај тоа, лицата со статус на деца без родители и родителска грижа, невработените родители на деца и лица со статус на воени инвалиди исто така се иземени од плаќање партиципација.
- Владата го повлече предлог-законот за измена на Законот за матична евиденција, со објаснувањето дека предлог-законот треба да се финализира.
- Се донесе Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

1 Во случаите во кои биле пратени барања за слободен пристап кон информации од јавен карактер, извештајниот период може да биде пократок. Таквите случаи се јасно означени во текстот на овој краток документ за политиките.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| CAF | Заедничка рамка за оценка |
| КИН | Комисија за избори и назначувања |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ГО | Граѓански организации |
| ДМС | Систем за управување со документи |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕНЕР | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| ЕУ | Европска унија |
| УЧР | Управување со човечки ресурси |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд |
| ИРЛ | Истражувачка репортерска лабораторија |
| ЛГБТИ | Лезбиски, геј, бисексуални и интерродови лица |
| ЗЗЛП | Закон за заштита на лични податоци |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| ПС | Пратеник во Собранието |
| ГО | Граѓанска организација |
| РЈА | Реформа на јавна администрација |
| РКП | Развој и координација на политиките |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| УЈФ | Управување со јавни финансии |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ДУ | Давање услуги |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| СИГМА | Поддршка а подобрување на владеењето и управувањето |
| СЈО | Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – демократска партија за македонско национално единство |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ..... 6

Избори ..... 7
Собрание ..... 8
Владеење ..... 9
Граѓанско општество ..... 10
Граѓански надзор на безбедносниот/разузнавачки сектор ..... 11
Реформа на јавната администрација ..... 12

**Поглавје 23** ..... 14

Работа на правосудството ..... 15
- Стратешки документи ..... 15
- Управни органи ..... 15
- Независност и непристрасност ..... 15
- Отчетност ..... 16
- Професионализам и компетентност ..... 17

Квалитет на правдата ..... 17
- Ефикасност ..... 18

Борба против корупција ..... 19
- Институционална рамка ..... 19
- Правна рамка ..... 21

Темелни права ..... 21
- Судска пракса на Европскиот суд за човекови права ..... 21
- Народен правобранител ..... 21
- Затвори и притворски капацитети ..... 22
- Заштита на лични податоци ..... 22
- Слобода  на мисла, совест и религија ..... 23
- Слобода на изразување ..... 24
- Ранливи групи и начелото на недискриминација ..... 24
- Род ..... 25
- Говор на омраза ..... 26
- ЛГБТИ+ ..... 26
- Роми ..... 27

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Во текот на извештајниот период имаше дискусии за реформа на Изборниот законик, а како одговор на барањата на помалите политички партии застапени во Собранието[2] за донесување измени на Изборниот законик, односно барања целата територија на државата да претставува една изборна единица, со пропорционален изборен модел и без минимален праг на гласови.[3] На почетокот на годината, пратеници од пет помали партии од владејачката коалиција понудија понатамошна поддршка на новата влада условена од донесување измени на Изборниот законик во рок од три месеци.[4]

Неодамнешно истражување на ставовите на политичките партии и на граѓаните за прашањето за воведување една изборна единица „покажува дека најголем дел од политичките партии се согласни со воведувањето на една изборна единица (исклучок се албанскиот блок на партии)“.[5] Граѓаните го делат истото мислење, иако сè уште има особено негативни ставови и разочарување од политичките партии во однос на тоа како политичките партии ги застапуваат интересите на граѓаните.[6]

При крајот на март, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржа седница за предлог-законот за изменување на Изборниот законик[7] при што членовите на Комисијата ја поддржаа првата фаза од предлогот со пропорционален модел, без долен праг на гласови, со Донтовиот модел за распределба на мандати, при што државата би била една изборна единица.[8]

2 „Демократски сојуз: Коренити реформи на изборните правила“, службена интернет-страница на политичката партија Демократски сојуз, 29 јануари 2022, shorturl.at/rOPRV.

3 „Промената на изборниот модел ќе донесе радикали во парламентот и инфлација на клиентелизам?!“, Дојче веле – Северна Македонија, 21 јануари 2022, https://bit.ly/35qNFAv.

4 Пет партии ја условија поддршката за Владата, Дојче веле, 14 јануари 2022, https://bit.ly/3xdbpUr.

5 Златко Атанасов и други „Изборниот систем на Република Северна Македонија: Како да се обезбеди рамноправна и фер застапеност во Собранието)“ [Национален демократски институт (National Democratic Institute – NDI)], февруари 2022, https://bit.ly/3tM7TgC.

6 Ibid.

7 Седница бр. 39 на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, закажана за 22.03.2022 година во 10 часот, службена интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3J85Ysj.

8 Ibid.

# Собрание

Дискусиите во Собранието беа фокусирани на неколку клучни прашања во врска со укинување на Пржинската влада, апанажата и минималната плата. Предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за укинување на Договорот од Пржино за Владата не беше прифатен од мнозинството на пратеници (32 гласале за, 55 гласале против).[9] Барањето за отфрлање на овој договор дојде од најголемата опозициска партија во Собранието и во земјата – ВМРО-ДПМНЕ. Барањето на укинување на апанажата за пратениците исто така беше одбиено. Овој предлог-закон беше предложен од една од помалите опозициски партии во Собранието[10] и само 16 пратеници гласале за укинување на апанажата.[11] Што се однесува до Законот за минимална плата, Собранието едногласно го прифати предлогот на Владата да се донесат измените на Законот во скратена постапка.[12]

Во однос на функционирањето на Собранието, неколку собраниски комисии беа блокирани заради локалните избори во 2021 година.[13] Неколку пратеници се префрлија од Собранието во локалната самоуправа и настана промена во распределбата на моќта во комисиите. Така, составот на комисиите не ја одразува новата состојба во соодносот меѓу владата и опозицијата.[14]

Од своја страна, ова предизвика блокада на Законодавната комисија, комисијата која врши избор на судии за Уставниот суд. Со оглед на опасноста што произлезе од непополнувањето на испразнетите места за судии, претседателот на Уставниот суд упати барање до претседателот на Собранието на Северна Македонија, барајќи помош за да се свика состанок колку што е можно поскоро со цел надлежната комисија да ги избере судиите.[15]

Претседателот на Собранието, со цел да ја одблокира работата на Комисијата за избори и назначувања, предложи разрешување на пратеникот кој веќе не е дел од владејачката владина коалиција. На почетокот на март 2022 година, се одржа седница на Собранието[16] во врска со предлогот изнесен од претседателот на Собранието за разрешување на пратеникот и по тридневна дебата со 61 глас за и без присуство на опозицијата, предметниот пратеник беше разрешен[17] како член на Комисијата за избори и назначувања. По ваквата одлука следуваше осуда од партијата на пратеникот и најава дека „тие веќе нема да бидат конструктивни“.[18]

9 „Власта кукавички бега од укинување на Пржинската влада“, службена интернет-страница на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, 10 февруари 2022, https://bit.ly/35zp3pF; „Крмов: Поднесен предлог-закон за укинување на апанажа – Власта се обидува неделовнички да усвои апанажа“, службена интернет-страница на политичката партија Левица, 25 јануари 2022, https://bit.ly/3sPgLTk.

10 „Крмов: Поднесен предлог-закон за укинување на апанажа – Власта се обидува неделовнички да усвои апанажа“, службена интернет-страница на политичката партија Левица, 25 јануари 2022, https://bit.ly/3sPgLTk.

11 „Пратениците сложни кога се работи за нивниот џеб. Само 16 пратеници гласаа против укинувањето на апанажата“, Plusinfo.mk, 10 февруари 2022, https://bit.ly/3HTP1Rw.

12 Седница бр. 62 на Собранието на Република Северна Македонија, закажана за 10.02.2022 година во 11 часот, службена интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3tDihHo.

13 Државна изборна комисија, Локални избори 2021, 31 октомври 2021, 11 март 2021, https://bit.ly/3IVqsVF.

14 „Комисии во Собранието не работат со месеци, ВМРО-ДПМНЕ не гледа кај себе вина“, Nezavisen.mk, 14 февруари 2022, https://bit.ly/3pLGcTI.

15 „Соопштение: Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска испрати писмо до претседателот на Собранието, Талат Џафери“, службена интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 7 февруари 2022, http://ustavensud.mk/?p=21722.

16 Седница бр. 64 на Собранието на Република Северна Македонија закажана на 01.03.2022 година во 11 часот, службена интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3j2HaqZ.

17 „Зендели разрешен со 61 глас, без опозиција“, Фокус, 3 март 2022, https://bit.ly/3K6LPEk.

18 „По разрешувањето на Зендели БЕСА се закани: Нема да бидеме веќе конструктивни“, Фокус, 4 март 2022, https://bit.ly/3J50tKH.

Парламентот го разгледа Извештајот на ЕК за напредокот на земјата, четири месеци по неговото објавување. Амбасадорот на ЕУ, Гир, подвлече дека веднаш треба да се ревидира Изборниот законик и дека не треба да се злоупотребува законодавната постапка за предлог-законите со европско знаменце, односно дека скратената постапка треба помалку да се применува, но и дека Собранието мора да ја зајакне својата улога и да се ангажира на одржување на конструктивен дијалог меѓу партиите.[19]

# Владеење

Имаше реконструкција на Владата,[20] при што беа назначени повеќе нови министри, а беше реорганизиран и Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата, кој доби ново име – Кабинет на заменик-претседател на Владата за политики за добро владеење.[21] Новоназначениот претседател на Владата најави дека портфолиото на новиот заменик-претседател на Владата од 17 јануари 2022 година ќе опфати добро владеење, како и стандарди во институциите, пренос на знаење и процес на дигитализација за да се намалат пречките од човечки грешки. Беше истакнато дека Министерството за правда (МП) и Министерството за внатрешни работи (МВР) треба понатаму да се ангажираат на борбата против корупцијата.

Според Индексот за перцепција на корупцијата на „Транспаренси интернешнел",[22] земјата ја подобрила јавната перцепција во борбата против корупцијата и за една година го подобрила рангирањето од 111-то на 87-то место.[23] Земјата исто така постигнала подобрување во областа на демократијата и веќе не е дел од категоријата „хибридни режими" според Индексот на демократијата на „Економист".[24] Во 2021 година, Северна Македонија го подобри рангирањето за пет места, односно од 78-то место во 2020 година, се искачи на 73-то место во 2021 година и сега спаѓа во категоријата на „демократии со недостатоци".

Две децении по последниот попис, во земјата конечно се спроведе попис на населението и домаќинствата.[25] Активностите во врска со пописот завршија во септември 2021 година додека податоците беа објавени на крајот од март 2022 година. Еден од главните заклучоци што можат да се извлечат од пописот е дека има намалување на населението од 10%. Иако Владата тврди дека пописот бил успешно спроведен, опозицијата изрази загриженост, подвлекувајќи дека пописот е нецелосен. Имено, ВМРО-ДПМНЕ тврди дека 7,2% од населението не било попишано и дека податоците се земени од бази на податоци.[26] Немнозинските заедници исто така изразија незадоволство со одвивањето на пописот.[27]

---

19 „Презентиран е Извештајот на Европската комисија за 2021 година", службена интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 17 февруари 2022, https://bit.ly/3pOSpHs.

20 Седница бр. 60 на Собранието на Република Северна Македонија закажана на 15.01.2022 година во 11 часот, службена интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://bit.ly/35CVNy9.

21 „Грковска именувана за вицепремиерка за добро владеење, а не за борба против корупцијата", 360 степени, 17 јануари 2022, https://bit.ly/3vPca5p.

22 https://www.transparency.org/en/

23 Transparency International, "Corruption Perception Index 2021" (Индекс за перцепцијата на корупцијата 2021)(2021) < 2021 Corruption Perceptions Index- Explore the...- Transparency.org.

24 The Economist Intelligence Unit, "Democracy Index 2021 – North Macedonia," (Индекс за демократија 2021 – Северна Македонија), 10 февруари 2022, https://www.eiu.com/n/democracy-index-2021-less-than-half-the-world-lives-in-a-democracy/.

25 Државен завод за статистика, „Вкупното резидентно население на Република Северна Македонија изнесува 1.836.713 жители", 30 март 2022, https://bit.ly/3uXfI3D.

26 „Милошоски: Бројките од пописот се поразителни, а операцијата некомплетна", службена интернет-страница на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, 30 март 2022, https://bit.ly/3x2P77G.

27 „Партијата за движење на Турците бара Законот за употреба на јазиците да се имплементира соодветно според резултатите од попис", 360 степени, 31 март 2022, https://bit.ly/3LA5VqG.

# Граѓанско општество

При крајот на декември 2021 година, Владата ја усвои Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка и развој на граѓанското општество со Акциски план 2022-2024.[28] Во Стратегијата се утврдени следниве приоритети: подобрување на правната рамка за граѓанските организации; јакнење на институционалната рамка и практиките на соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанските организации, дефинирање на даночна рамка, која е соодветна на спецификите на работењето на граѓанските организации и овозможува нивен развој, како и подобрување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

На четвртата седница[29] на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанските организации, одржана во февруари 2022 година, беше утврдено дека од годишниот државниот буџет е отстранета финансиската поддршка за граѓанските организации. Според претставникот на Владата во Советот, причината за ова е дека „поради добиено негативно мислење од Министерството за финансии, предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година е симната од дневен ред на втората (тематска) седница на Општиот колегиум на државни секретари", со што е запрена владината постапка за разгледување и усвојување на програмата за финансирање. Исто така беше најавено дека „средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година од ставката 436 трансфери до невладини организации се наменети за Црвениот крст на Република Северна Македонија". Граѓанските организации нагласија „дека со оваа постапка е направен преседан и е недопустливо без консултација со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество средствата од буџетот на Владата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации да бидат доделени на Црвениот крст, кој секоја година е финансиран од други извори".[30]

Како заклучок се донесе одлука Одделението за соработка со невладини организации на генералниот секретаријат веднаш по завршување на седницата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, да подготви и до членовите на Советот да достави на мислење нацрт-текст на барање за разгледување и донесување на предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година. На последната седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество беше заклучено дека претседателот на Владата упатил писмо со кое Советот го известува дека прашањето ќе продолжи да се решава меѓуресорски и следствено да се направи обид за наоѓање на заемно прифатливо решение.[31] Граѓанските организации изнесоа став дека одлуката е неприфатлива, па Советот одлучи да упати протестно писмо до Министерството за финансии и одржа конференција за печат.[32]

---

28 Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка и развој на граѓанското општество 2022-2024 (Влада на Република Северна Македонија, Одделение за соработка со невладини организации, 28 декември 2021), https://bit.ly/3tzL0g6.

29 Одржана на 10.02.2022, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/696

30 Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, „З А П И С Н И К од четвртата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество", одржана на 10.02.2022, 10 февруари 2022, https://bit.ly/3u2vR8y.

31 „З А П И С Н И К од петтата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество", одржана на 17.03.2022) (Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, март 2022), https://bit.ly/3uQyUQh.

32 "The Council for Cooperation between the Government and the Civil Society Requests an Urgent Rebalance of the Budget of the General Secretariat of the Government for Financing of Associations and Foundations for 2022," (Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бара итен ребаланс на Буџетот од Генералниот секретаријат на Владата за финансирање на здруженијата и фондациите за 2022), службена интернет-страница на Институтот Отворено општество – Македонија 24 март 2022, https://bit.ly/3j3F6yZ.

Покрај тоа, Владата го скрати финансирањето за превенција на ХИВ во земјата дури за 40%, на што граѓанските организации одговорија со повици за измена на одлуката за намалување на средствата.[33] Истовремено, граѓанските организации организираа мирен протест пред Министерството за здравство и најавија помасовни протести доколку Владата ја спроведе одлуката.[34]

На почетокот на годината, имаше напади врз ГО, кога вработен во ГО беше физички нападнат заради причини поврзани со лажни вести, кои се однесуваат на напорите на конкретната ГО за воведување на темата „сеопфатно сексуално образование" во основното образование.[35] Во врска со овој напад, Министерството за внатрешни работи реагираше со изјава во која се вели дека полицијата „презема мерки за разјаснување на вчерашниот инцидент во невладината организација, каде што вработениот бил изложен на навреди и закани".[36] Реагираше и претседателот на државата, изразувајќи поддршка како за вработениот, така и за организацијата.[37]

Според анкетите, кога станува збор за граѓаните и граѓанското општество, поддршката за европската интеграција се намалува. Следствено, перцепцијата за влијанието на ЕУ во Северна Македонија е на најниско ниво, споредено со претходните неколку години (опаѓање од 44,8% во 2019-та на 9,5% во 2021 година). Само мал број етнички Македонци сметаат дека ЕУ е највлијателната организација (7,8%). Покрај тоа, перцепцијата на граѓаните за ЕУ како најголемиот сојузник на земјата опаднала од 43,2% во 2019-та, на 13,1% во 2021 година. Истовремено, процентот на анкетираните кои одлучиле да не одговорат на ова прашање се зголемил од 1,3% во 2020-та на 17,6% во 2021 година.[38]

# Граѓански надзор на безбедносниот/разузнавачки сектор

На седми февруари, собраниската Комисија за надзор на работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање, предводена од пратеникот Љупчо Пренџов, изврши надзор во просториите на Агенцијата за национална безбедност.[39]

33 Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, „Советот за соработка меѓу Владата и ГО бара промена на одлуката со која се кратат средствата за заштита од ХИВ за 2022 година", 22 март 2022, https://epi.org.mk/post/20618

34 Канал 5, „Невладините на протест пред Министерството за здравство, бараат да се зголеми буџетот за ХИВ", 17 март 2022, https://bit.ly/3x2yr01.

35 „ХЕРА алармира: Лагите и говорот на омраза онлајн се претворија во напад и закана по живот за вработените во ХЕРА", службена интернет-страница на ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 14 јануари 2022, https://bit.ly/3Cm8sS4.

36 „МВР: Преземаме мерки против лице што се заканувало и навредувало вработена во ХЕРА", Слободен печат, 14 јануари 2022, https://bit.ly/3vSQSUr.

37 Официјална фејсбук-страница на претседателот на Република Северна Македонија, https://www.facebook.com/SPendarovski/posts/488452982645617.

38 „Голем пад во перцепцијата на граѓаните за влијанието на ЕУ во Северна Македонија", официјална интернет-страница на Институтот за демократија Societas Civilis Скопје, 24 февруари 2022, https://bit.ly/3pN4UmL.

39 „Надзорна посета на Комисијата за надзор над работата на АНБ и АР", службена интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 8 февруари 2022, https://bit.ly/3hMAaOv.

# Реформа на јавната администрација

Со формирањето на новата влада[40] и назначувањето на неколку нови министри, имаше промена и во Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА),[41] кое е главната институција за спроведување реформи во јавната администрација. Новиот министер е назначен од редовите на политичката партија Алтернатива, која успеа да преговара и да се спогоди за три министерски места при реконструкцијата на Владата.[42]

По две години СИМГА објави извештај (за 2021 година) за мониторингот на јавната администрација во Северна Македонија.[43] Главниот заклучок е дека земјата „постигнала одреден напредок во реформата на јавната администрација во последните години"[44] при што се забележува подобрување во четири (од шест) области, додека во преостанатите две области,[45] додека во останатите две области[46] има одредено уназадување, споредено со 2017 година".

Во областа на управување со човечки ресурси (УЧР), во согласност со дефинираната законска надлежност во Законот за спречување на корупција и конфликт на интереси, ДКСК ја потпиша Политиката на интегритет, која треба да ги мотивира преостанатите институции да се инволвираат во антикорупциските политики. „Во тек е пилот-програма за менторирање на пет институции – Министерството за информатичко општество и администрација, Државниот завод за ревизија, Инспекцискиот совет, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и Државната комисија за спречување на корупцијата".[47]

Во областа на давање услуги (ДУ), процесот на дигитализација е високо на дневниот ред на новиот министер. Во неодамнешно интервју, тој најави некои од неговите програмски активности, подвлекувајќи дека „конкретните активности што претстојат се воведување на 135 нови е-услуги, воспоставување на Систем за управување со документи (ДМС) во одреден број институции, со користење на дигитална идентификација за 150.000 граѓани".[48]

Од јануари 2022 година, МИОА е координатор на полето на управување со квалитетот и почна со спроведување активности предвидени во моделот CAF (Common Assessment Framework – Заедничка рамка за оценка), што претставува европски модел за подобрување на јавните организации преку самооценување.[49] Ова значи дека МИОА е првата институција во земјата што почна со спроведување на CAF 2020.

---

40 Седница бр. 60 на Собранието на Република Северна Македонија закажана на 15.01.2022 година во 11 часот, службена интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://bit.ly/35CVNy9.

41 „Примопредавање на должноста министер за информатичко општество и администрација", службена интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 17 јануари 2022, https://www.mioa.gov.mk/?q=en/node/3767.

42 „Алтернатива доби тројца министри и заменици-министри, но во влада со нов мандатар на местото на Заев", 5 декември 2021, https://bit.ly/36MnDJ3.

43 SIGMA [Support for Improvement in Governance and Management (СИГМА, Поддршка за подобрување на владеењето и управувањето)], "Monitoring Report the Principles of Public Administration REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA", (Извештај за мониторинг за начелата на јавната администрација РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА), ноември 2021, https://bit.ly/3sNY2aB.

44 Ibid. стр. 8

45 Тие области се: Стратешка рамка за РЈА; Отчетност; Давање услуги; и Управување со јавни финансии.

46 Областите на развој и координација на политиките (РКП) и јавна служба и управување со човечки ресурси се најслабо развиени во регионот.

47 „ДКСК како предводник во системот на интегритет, ја потпиша Политиката на интегритет", службена интернет-страница на Државната комисија за спречување корупција, 11 февруари 2022, https://bit.ly/3MvUMsd.

48 „Министерот Алити за Фронтлајн: Продолжуваме со департизација, воведуваме 135 нови е-услуги, дигитална идентификација за 150.000 граѓани", Frontline.mk, 8 февруари 2022.

49 „МИОА прво кај нас почнува со имплементација на CAF 2020", службена интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 27 јануари 2022, https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/3780.

Во областа на управување со јавните финансии (УЈФ), со цел подобрување на јавните финансии, на 28 јануари 2022 година,[50] Владата на Република Северна Македонија донесе Програма за економски реформи 2022-2024 и Стратегија за развој на финансискиот пазар.[51] Стратегијата предвидува повеќе можности за финансирање проекти за компании, посилен прилив на инвестициски инструменти, како и привлекување на странски инвеститори, како главни цели на стратегијата за развој на финансискиот пазар. Напредокот во областа на УЈФ исто така е поздравен од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). ММФ ги поздрави фискалните политики, нагласувајќи дека „ваквите мерки придонесуваат кон закрепнување на економијата и зачувување на работните места“.[52]

На почетокот на февруари, главниот државен ревизор имаше средба со заменик-претседателот на Владата задолжен за политиките за добро владеење, при што го информираше заменик-претседателот на Владата дека се изготвува нов предлог-закон за државна ревизија, „со имплементирани решенија на сите досегашни детектирани системски пропусти, со кој се настојува да се овозможи оперативна и финансиска независност на Државниот завод за ревизија“.[53]

На крајот на март, МИОА го објави годишниот извештај за вработените во јавниот сектор за 2021 година. Спротивно на состојбата од минатогодишниот извештај, бројот на вработените во јавниот сектор е во одредена мера зголемен – за 905 вработени. Иако има одредено мало зголемување на бројот на нововработени, има намалување на бројот на вработените во органите на државната управа. Во 2020 година, биле вработени 15.945 лица, а во 2021 година бројот на вработени бил 15.302, што претставува намалување од 643 работни места.[54]

Неколку години по почетокот на Проектот за поддршка на државната реорганизација беше објавен Извештајот за државна реорганизација „Синтезис“. Извештајот има цел да ја оптимизира институционалната рамка, да го подобри давањето на јавни услуги и да ги зајакне етиката, интегритетот, транспарентноста и отчетноста на јавната администрација, со цел да се подобри и да се оптимизира институционалната рамка, да се отстранат надлежностите што се поклопуваат и да се воспостави делотворен редослед на отчетност.[55]

50 „Програма на економски реформи 2022-2024“, официјална интернет-страница на Министерството за финансии, https://bit.ly/3HUrY9t.

51 „МФ: Со Стратегијата за развој на финансискиот пазар до алтернативни можности за финансирање на компаниите, повеќе можности за инвестирање на домаќинствата и странски инвеститори“, службена интернет-страница на Министерството за финансии, 9 февруари 2022, https://bit.ly/3INRjDb..

52 „ММФ ги поздравува фискалните политики – истите придонесоа кон закрепнување на економијата и зачувување на работните места“, службена интернет-страница на Министерството за финансии, 16 февруари 2022, https://bit.ly/3KoJyEb.

53 „Заеднички заложби во превенцијата и борбата против корупција“, службена интернет-страница на Државниот завод за ревизија, 10 февруари 2022, https://bit.ly/3Ks7LJH.

54 „Презентиран извештајот за вработените во јавниот сектор за 2021 година“ службена интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 31 март 2022, https://bit.ly/3qXlBwb.

55 Dace Gruberte – horizontal functional analysis, Aleksandrs Antonovs – state reorganisation, and Gunter Kube – visualisation, “Support to State Reorganisation: Synthesis Report on State Reorganisation Skopje, Republic of North Macedonia,” (Поддршка за државната реорганизација: Извештај на државната реорганизација Synthesis), 3 ноември 2021, https://bit.ly/3j5dY2K.

# Поглавје 23



# Работа на правосудството

## Стратешки документи

Со изборот на новата влада[56] и назначувањето на нов министер за правда беше најавено изготвувањето на нова Стратегија за правосудниот сектор 2023-2027.[57] Во овој контекст, министерот одржа два состанока со претставници на граѓанските организации.[58]

Советот за реформи во правосудството одржа состанок на 31 март 2022 година.[59] На состанокот беше усвоен Извештајот за 2021 година за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022.[60] Исто така беа разгледани активностите за дигитализација на правосудниот сектор, потоа беше претставен новиот Закон за вештачење, а беа споделени и информации за подготовката на Закон за парнична постапка.[61]

## Управни органи

Судскиот совет и Советот на јавни обвинители редовно објавуваат соопштенија на нивните интернет-страници.[62]

Треба да се подобрат просторните услови на Советот на јавни обвинители, кои треба да бидат пристапни и за лицата со попреченост.[63]

Во март 2022 година, Судскиот совет објави известување до овластен укажувач и почна постапка за добивање пријави од укажувачи.[64]

## Независност и непристрасност

Одборот на Здружението на судии донесе Стратегија за подобрување на материјалниот статус на судиите 2022-2024 и формираше работна група задолжена да изготви нови барања за институциите со конкретни рокови за спроведување.[65] И покрај договорот меѓу Министерството за правда и Здружението на судии постигнат во јуни 2021 година за фазно зголемување на платите на судиите од 15%, со 10% покачување на платата планирано за минатата година,[66] Владата сè уште не го исполнила договореното покачување на платите.[67]

---

56 „Собранието ја избра новата Влада, Ковачевски е премиер", Радио Слободна Европа, 16 јануари 2022, https://bit.ly/3x6vFqR.

57 „Нова Стратегија за правосудството 2023-2027 најавил Тупанчески на средба со Гир", 360 степени, 9 февруари 2022, https://bit.ly/36VQg6D.

58 Во февруари се одржа состанок со претставниците на Институтот за европска политика, додека во март се одржа работна средба со групата за судски реформи Blueprint.

59 „Покана за онлајн-седницата на Советот за реформа на правосуден сектор, 31.03.2022", март 2022.

60 Министерство за правда, „Само со заедничка и посветена работа може да воспоставиме еден стабилен, ефикасен и првенствено независен правосуден систем", 31 март 2022, https://www.pravda.gov.mk/vest/6331.

61 Министерство за правда, „Само со заедничка и посветена работа може да воспоставиме еден стабилен, ефикасен и првенствено независен правосуден систем", 31 март 2022, https://www.pravda.gov.mk/vest/6331.1

62 Според мониторингот на интернет страниците на двата Совета.

63 Група за судски реформи Blueprint, Конференција „Унапредување на судските реформи – кон одново воспоставување на довербата на граѓаните во судскиот систем" („Александар палас", Скопје, 29 март 2022).

64 Судски совет на Република Северна Македонија, останати документи, shorturl.at/dfCN7.

65 Ibid

66 „Платите на судиите ќе се зголемат за 15 отсто", Правдико, 14 јуни 2021, https://bit.ly/3KllTF5.

67 Состанок на Одборот на Здружението на судии на 10 февруари 2022, https://bit.ly/3sk7LW3.

Како дел од планот за дигитализација на правосудството и Стратегијата за информатичко-комуникациска технологија на правосудството за 2019-2024[68] беше донесен Правилник за електронска распределба на случаи во јавните обвинителства.[69] Покрај тоа, судниците во пет пилот-судови[70] беа опремени со соодветна информатичка опрема.[71] Во однос на операционализација на активностите за поврзување и размена на податоци меѓу судските институции беа потпишани договори за размена на податоци со државните институции, кои постигнуваат 50% размена на податоци секојдневно.[72]

Советот за отворено судство беше основан на 30 март 2022 година. Советот е составен од по еден претставник од секоја судска инстанција и претставници на Судскиот совет, Академијата за судии и обвинители, како и претставници на Здружението на судии и Здружението на судска администрација и претставници на четири здруженија на граѓани.[73]

Според Извештајот за 2021 година на Народниот правобранител,[74] најголем дел од примените претставки се во областа на судството (436 претставки или 16,3% од вкупниот број на примени претставки).

## Отчетност

Во периодот од јануари до февруари 2022 година, Судскиот совет не разрешил судии или претседатели на судови,[75] но беа разрешени три јавни обвинители.[76]

За разлика од 2021 година, во периодот од јануари до февруари 2022 година беа покренати три дисциплински постапки против јавни обвинители. Во март 2022 година, јавниот обвинител донесе одлука за разрешување од функција на јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство – Скопје заради основани сомневања за сторена сериозна дисциплинска повреда.[77]

Во периодот од јануари до февруари 2022 година, до Советот на јавни обвинители биле доставени 39 претставки од страна на граѓани и правни лица.[78]

ДДКСК отворила три случаи против јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Гостивар. Во еден од случаите, ДКСК истражува дали имало корупција во спогодување за вина во случај на сообраќајна несреќа со смртни последици.[79]

---

68 „Стратегија за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за 2019-2024 година (Ревидирана стратегија)" (Министерство за правда, февруари 2019), shorturl.at/mrvB6.

69 „Правилник за начинот на распределба на предметите во јавните обвинителства преку Системот за електронска распределба на предметите", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 31/2022.

70 Основен суд Кавадарци, Основен суд Штип, Основен суд Струмица, Основен кривичен суд и Основен граѓански суд.

71 „Тупанчески: Од денес онлајн-судењата стануваат реалност и за македонското судство", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 2 март 2022, https://bit.ly/3jw876R.

72 „Тупанчески, Заложбите за модерно и ефикасно судство полека, но сигурно даваат резултати", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 10 март 2022, https://www.pravda.gov.mk/vest/6320.

73 Akademik.mk, „Основан Советот за отворено судство и потпишана Декларацијата за Отворено судство", 31 март 2022, https://akademik.mk/osnovan-sovetot-za-otvoreno-sudstvo-i-potpishana-deklaratsijata-za-otvoreno-sudstvo/.

74 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Презентација на Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2021 година", shorturl.at/gmqHZ.

75 Судски совет на Република Северна Македонија, „Доставување на информации од јавен карактер", 11 март 2022.

76 Податоците за разрешените јавни обвинители за периодот од јануари до февруари се добиени од Советот за јавни обвинители по барање за слободен пристап кон информации од јавен карактер. Последното разрешување на јавен обвинител во март може да се види на интернет-страницата на Советот. Совет на јавни обвинители, „На вчерашната 50-та седница, Советот на јавните обвинители на РСМ ги донесе следните одлуки", март 2022, https://bit.ly/37mkkIf.

77 A1on, „Јавен обвинител отстранет од функција, доведувал предмети до застареност", март 2022, https://a1on.mk/macedonia/javen-obvinitel-otstranet-od-funkcijata-poradi-disciplinska-postapka-dovel-predmeti-do-zastaruvanje/.

78 Совет на јавни обвинители, „Доставување на информации од јавен карактер", 17 март 2022.

79 telma.com.mk, „Антикорупциската комисија има три отворени предмети за гостиварскиот обвинител Арсим Адеми", 14 март 2022, https://bit.ly/3xbhaCa.

### Професионализам и компетентност

На 17 март 2022 година, Советот на јавни обвинители одлучи да избере пет јавни обвинители за Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Седницата беше јавна што придонесе кон подобрување на транспарентноста, како и да се коригира состојбата по забелешката во овој контекст изнесена во минатиот извештај на ЕК за напредокот на земјата.[80] На седницата, Советот повторно ги избра обвинителите кои во јануари 2018 година поднеле барање за позиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во периодот од јануари до февруари 2022 година, Судскиот совет не назначил судии или претседатели на судови.[81]

Новиот предлог-закон за Академијата за судии и обвинители,[82] кој Владата го одобри во јуни 2021 година, сè уште е во собраниска постапка заради блокадата од ВМРО-ДПМНЕ, врз основа на нивното тврдење дека со овој предлог-закон се повредуваат постапките и се злоупотребува постапката за донесување закони со европско знаменце. Имено, ВМРО-ДПМНЕ бара предлогот да се повлече.[83]

## Квалитет на правдата

ССо влегување во сила на новиот Закон за медијација во јануари 2022 година,[84] Министерството за правда го најави почетокот на кампањата под мотото „Има решение“, насочена кон промовирање на медијацијата, како алтернативен начин за решавање на споровите и за подигање свест меѓу граѓаните за полезноста на медијацијата.[85]

Крајниот рок за донесување на подзаконските акти според Законот за медијација,[86] како и за назначување на национален координатор за медијација и членови на Советот е три месеци. Пред објавувањето на овој краток документ за политиките, сè уште не беше назначен националниот координатор, а не е покрената ниту постапката за избор на членови на Советот.

Иако донесувањето на нов закон за парнична постапка е еден од приоритетите на Европската комисија,[87]овој закон сè уште е во собраниска постапка.[88] Измените на Кривичниот законик поврзани со Истанбулската конвенција исто така се во собраниска постапка.[89]

---

80 European Commission, "North Macedonia 2021 Report", (Европска комисија, Северна Македонија – Извештај за 2021) Commission Staff Working Document (Strasbourg, 19 October 2021), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en.

80 Судски совет на Република Северна Македонија „Доставување на информации од јавен карактер“.

82 Собрание на Република Северна Македонија „Материјали – предлог-закон за Академијата за судии и јавни обвинители“, <https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=543628f3-2109-4bd5-8b99-22d543901888>..

83 „Тензично на собраниската Комисија за политички систем, ВМРО-ДПМНЕ не дозволува расправа за предлог-законот за Академија на судии и јавни обвинители“, Телма ТВ, 9 февруари 2022, https://bit.ly/3hjlDt8.

84 Закон за медијација, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 294/2022.

85 „Маричиќ ја најави кампањата 'Има решение': Медијацијата е побрза и поекономична постапка“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 14 јануари 2022, https://vlada.mk/node/27370.

86 Закон за медијација.

87 European Commission, "North Macedonia 2021 Report" (Европска комисија, Северна Македонија – Извештај за 2021).

88 Собрание на Република Северна Македонија, „Материјали“, https://bit.ly/3v2hK29.

89 Собрание на Република Северна Македонија, „Материјали – предлог на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик“, https://bit.ly/3xigcno.

За следниот период, покрај подготовка на нов кривичен законик, најавена е и подготовка на нов закон за парнична постапка, во согласност со тековната Стратегија за правосудниот сектор.[90]

Треба да се поздрави проактивната улога на Уставниот суд и исполнувањето на неговата улога да обезбеди хармонизирана судска практика.[91] Во извештајниот период, Уставниот суд одржал вкупно пет општи седници.

Значаен чекор во подобрување на квалитетот на правдата беше направен со првостепената пресуда донесена од Основниот суд Велес во случајот на 23-годишна жена, која го усмртила нејзиниот невенчан сопруг во самоодбрана, како резултат на семејно насилство. Првично, Основното јавно обвинителство во Велес поднело обвинение,[92] квалификувајќи го делото како убиство на миг,[93] по што следуваа остри реакции од ГО.[94] Следејќи ги доказите изнесени на главната расправа, Основниот суд Велес донесе ослободителна пресуда, изнесувајќи го аргументот дека делото е сторено во самоодбрана.[95] Сепак, Обвинителството донело одлука да ја обжали ослободителната пресуда.[96]

Академијата за судии и обвинители континуирано работи на подобрување на квалитетот на обуките и воведува дополнителни теми, врз основа на спроведените оценки и предлози поднесени од Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, експерти и ГО. Во извештајниот период, Академијата одржала 27 обуки за различни теми.[97]

## Ефикасност

Судовите и јавните обвинителства се соочуваат со недоволен број судии и јавни обвинители, како и недоволен број на стручен персонал.[98] Исто така, потреби се технички подобрувања на условите во судовите и јавните обвинителства, како и соодветно спроведување на планот за дигитализација.[99] Во извештајниот период, судниците во пет пилот-судови[100] се опремени со соодветна ИТ-опрема.[101]

90 Министерство за правда, „Само со заедничка и посветена работа може да воспоставиме еден стабилен, ефикасен и првенствено независен правосуден систем“, shorturl.at/bvxM0.

91 Според мониторинг на работата на Врховниот суд и преглед на интернет-страницата на судот: судски портал – Врховен суд, shorturl.at/ctNPV.

92 „Обвинение за убиство на миг во Велес“, службена интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македониј, 2 февруари 2022, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-ubistvo-na-mig-vo-veles/.

93 Член 125 од Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/2018.

94 „Реакција: ОЈО Велес итно да ја смени одлуката во случајот на Пале Илоска и да го искористи институтот за нужна одбрана“, службена интернет-страница на Платформата за родова еднаквост, 4 февруари 2022, shorturl.at/iEIP5

95 Член 9 од Кривичниот законик.

96 Велешкото обвинителство поднесе жалба против ослободителната пресуда на Пале“, Фокус, 14 март 2022, https://bit.ly/3J-g1oYX.

97 Академија за судии и јавни обвинители, „Доставување на информации од јавен карактер“, 11 март 2022.

98 Група за судски реформи Blueprint, Конференција „Унапредување на судските реформи – кон одново воспоставување на довербата на граѓаните во судскиот систем“ („Александар палас“, Скопје, 29 март 2022).

99 Ibid.

100 Основен суд Кавадарци, Основен суд Штип, Основен суд Струмица, Основен кривичен суд и Основен граѓански суд.

101 „Тупанчески: Од денес онлајн судењата стануваат реалност и за македонското судство“.

# Борба против корупција

Северна Македонија е рангирана на 87-то место во светот со 39 индексни поени, додека претходната година земјата беше на 111-то место со 35 индексни поени според последниот Индекс за перцепција на корупцијата на „Транспаренси интернешнел“.[102] Гонењето на високопрофилни случаи на корупција и зајакнати надзорни органи се сметаат за суштински за напредокот на Северна Македонија и за подобрувањето на нејзиното рангирање.[103]

## Институционална рамка

Со реконструкцијата на Владата, во јануари 2022 година беше назначен нов заменик-претседател на Владата (ЗПВ) за добро владеење, кој дојде на позиција што претходно беше именувана како заменик-претседател на Владата задолжен за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси.[104]

Планот за борба против корупција за 2022 година се потпира на четири клучни столба: дигитализација, независно и ефикасно судство, професионализација на институциите и превентивни мерки за борбата против корупцијата.[105]

Во март 2022 година, јавниот обвинител на Република Северна Македонија и главниот државен ревизор потпишаа Меморандум за јакнење на институционалната комуникацијата.[106]

### Државна комисија за спречување на корупција

Во првите два месеца од 2022 година, ДКСК отвори вкупно 128 случаи заради сомневања за коруптивно однесување, злоупотреба на службена должност, конфликт на интереси и пријавување и следење на имот и интереси.

Од вкупната бројка на случаи, 124 случаи се покренати по пријави поднесени од граѓани, а четири случаи се покренати по сопствена инцијатива на ДКСК. Во областа на корупција и злоупотреба на службената должност, покренати се 104 случаи, од кои 101 се отворени по пријави од граѓани, а три по сопствена инцијатива на ДКСК. Потоа, отворени се 18 случаи во однос на конфликт на интереси, сите по пријави поднесени од граѓани. ДКСК исто така отворила шест случаи во областа на евидентирање/пријавување и следење на имот и конфликт на интереси, од кои пет случаи се покренати по пријави поднесени од граѓани, а еден случај по сопствена иницијатива на ДКСК.[107]

Во извештајниот период, по сопствена инцијатива, ДКСК отворила три случаи против јавниот обвинител на Гостивар.[108] Исто така, на седницата одржана на 15 февруари 2022 година, ДКСК изјавила дека ќе го анализира доделувањето на спортски ваучери и побарала од Јавното обвинителство да покрене кривични постапки против поранешни и сегашни градоначалници.[109]

102 Transparency International, “Corruption Perception Index 2021” (Индекс за перцепција на корупцијата, 2021) (2021) < 2021 Corruption Perceptions Index – Explore the... – Transparency.org.

103 Ibid.

104 „Николовски ја предаде функцијата вицепремиер на Грковска“, службена интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 17 јануари 2022, https://vlada.mk/node/27401.

105 Ibid.

106 Akademik.mk, „Зајакнување на институционалната комуникација меѓу Јавното обвинителство и Државниот завод за ревизија“, 10 март 2022, https://bit.ly/3NR1kSZ.

107 Државна комисија за спречување на корупција, „Доставување на информации од јавен карактер“, 21 март 2022.

108 telma.com.mk, „Антикорупциската комисија има три отворени предмети за гостиварскиот обвинител Арсим Адеми“.

109 Civil media, „ДКСК ќе го анализира доделувањето на спортските ваучери, бара ОЈО да поведе кривична постапка против поранешни и сегашни градоначалници“, 15 февруари 2022, https://bit.ly/3KhKKcI. „Афера Палермо: Кога ќе покажат високите функционери докази дека сами платиле?“, 24 вести, 26 март 2022, shorturl.at/emyAV.

## Јавно обвинителство

Во Јавното обвинителство се предвидени четири истражни центри, како и соодветен персонал за нив.[110]

Во извештајниот период, објавен е Правилникот за начинот на распределба на предметите во јавните обвинителства преку системот за електронска распределба на предметите.[111]

Три дена по објавувањето на документарниот филм „Швајцарски тајни" од страна на Истражувачката репортерска лабораторија,[112] Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција отвори предистражна постапка за сметките на две деловни лица од Северна Македонија (еден од нив е поранешен заменик-претседател на Владата) и еден шведски инвеститор. Конкретно, објавениот документарен филм содржи информации според кои двајцата македонски бизнисмени имаат приватни сметки во Швајцарија и со нив извршувале мултимилионски доларски трансакции.[113]

Во однос на случаите преземени од поранешното СЈО и ефикасноста на кривичните постапки, имаше пробив во случаите „Топлик" и „Титаник". Конкретно, спогодувањето за вина од страна на осум припадници на групата на која ѝ се судеше во случајот „Титаник"[114] беше проследено со пресуди.[115] Продолжува судската постапка против поранешниот претседател на Владата, Никола Груевски, и преостанатите обвинети лица кои не се изјасниле како виновни.[116]

Главната расправа во случај „Топлик" се одржа на 16 февруари 2022 година, на која[117] обвинителот, согласно доказите изнесени во неговиот завршен збор на расправата, побара поранешниот министер за транспорт и комуникации и петте преостанати поранешни членови на Комисијата за јавни набавки во истото министерство да бидат осудени на затворска казна.[118]

Во март 2022 година, повеќе од една година по донесувањето на првостепената пресуда, почна судењето во Апелациониот суд – Скопје за случајот со масовно прислушкување „Таргет-Тврдина".[119]

Во март 2022 година, во следниве два високопрофилни случаи се преземаа следниве чекори: во случајот „Софтвер",[120] имаше воведни зборови,[121] додека во случајот „Меѓународен сојуз"[122] беа дадени завршните зборови.[123]

---

110 „Николовски ја предаде функцијата вицепремиер на Грковска", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 17 јануари 2022, https://vlada.mk/node/27401.

111 „Правилник за начинот на распределба на предметите во јавните обвинителства преку системот за електронска распределба на предметите".

112 https://www.youtube.com/watch?v=CHTwJ_I5RUw&t=17s

113 „Обвинителството отвора предистражна постапка за сметките на Јорданов, Механџиски и Клинг", nezavisen.mk, 23 февруари 2022, https://bit.ly/3Km99xN.

114 „Кој ќе потоне со 'Титаник': Јанакиески, Јанкулоска и Протоѓер признаа вина за изборните злоупотреби", Дојче веле, 11 февруари 2022, shorturl.at/fipA1.

115 „Пресуда 'Титаник': Јанакиески осуден на 4,5 години, Јанкулоска на 2,5 години затвор", Дојче веле, 28 февруари 2022, shorturl.at/hCGIO.

116 Ibid.

117 „Случајот 'Топлик' пред судска разрешница", ТВ 24, 16 февруари 2022, https://bit.ly/3r8bSn3.

118 Ibid.

119 „Во Апелација тече јавна седница за пресудата за масовното прислушување", 360 степени, март 2022, https://bit.ly/3DN7TBr.

120 sloboden pecat, „Воведни зборови во случајот 'Софтвери'", 14 март 2022, https://bit.ly/3ugI2i0.

121 Поранешниот генерален секретар на Владата Рашковски нагласува дека не се чувствува за виновен, додека обвинителот Рускоска тврди дека таа ќе докаже дека ја злоупотребил должноста за лично богатење.

122 „Обвинетиот Бојан Јовановски нагласува дека не се чувствува за виновен".

123 „Завршни зборови на Бојан Јовановски во случајот 'Меѓународен сојуз'", Телма ТВ, 18 март 2022, https://bit.ly/36UuO1S.

## Правна рамка

Измените на Кривичниот законик, за кои во Собранието во декември 2021 година почна јавна дебата, предвидува целосна хармонизација со Истанбулската конвенција.[124] Новиот текст на Кривичниот законик, кој се изготвува, ќе обезбеди хармонизација со директивите на ЕУ на полето на казнување, редефинирање на кривичните дела поврзани со тероризам во согласност со меѓународните стандарди, а ќе се инкриминираат и нови дела поврзани со заштита на животната средина.[125]

Сѐ уште не е донесен новиот закон за кривична постапка, и покрај роковите предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022.[126]

Законот за потекло на имот[127] сѐ уште се подготвува.[128]

# Темелни права

## Судска пракса на Европскиот суд за човекови права

Според последните информации од Известувањето за земјата на ЕСЧП, во 2021 година ЕСЧП работел на 368 случаи од Северна Македонија, од кои 362 биле прогласени за недопуштени или отфрлени. Судот донел шест пресуди (во шест случаи), од кои во пет случаи Судот утврдил барем една повреда на правото на правично судење заштитено со член 6 од ЕКЧП.[129]

## Народен правобранител

Во првите два месеца од 2022 година, до Народниот правобранител биле упатени 268 претставки, најголем дел од нив (40) се однесуваат на судството. Сепак, во текот на овие месеци, Народниот правобранител покренал постапка по сопствена инцијатива само во еден случај.[130]

Во јануари 2022 година, Народниот правобранител[131] го претстави Извештајот за следење на состојбата со примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2020 година,[132] кој

124 Собрание на Република Северна Македонија, „Материјали – предлог на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик".

125 Елена Георгиевска и други, „Спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2018-2022) во 2021 година: Извештај во сенка", март 2022.

126 Георгиевска и други.

127 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот од април 2020 до септември 2021", Скопје 2021, 47, https://bit.ly/3DQ0hOx.

128 „Ивановска: Државата да ги заштити граѓаните на чие име политичарите бараат да префрлат имот", Слободен печат, https://bit.ly/3LOo448.

129 European Court of Human Rights, Press Country Profile – The Republic of North Macedonia (Европски суд за човекови права – Краток преглед за земјата (2022), https://echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf, пристапено на 19 февруари 2022.

130 Народен правобранител, „Доставување на информации од јавен карактер", 30 март 2022.

131 „Прес-конференција на Народниот правобранител г. Насер Зибери за состојбата со степенот на почитување на начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците", службена интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 28 јануари 2022, shorturl.at/aexCY.

132 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Извештај за следењето на состојбата со примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2020 година", декември 2021, https://bit.ly/3ra6jnZ.

беше објавен во декември 2021 година. Според Извештајот, во периодот од 2007 до 2020 година имало вкупно подобрување во однос на почитување на уставната обврска;[133] сепак, сè уште постои трендот на незадоволителна застапеност на помалите заедници во министерствата, особено на раководни позиции.[134] Покрај тоа, примената на начелото на соодветна и правична застапеност не се почитува во судството и обвинителството.[135] Народниот правобранител исто така ги претстави наодите од Посебниот извештај за половата застапеност во јавниот сектор за 2020 година, при што наодите укажуваат на подобрување на нивото на родова еднаквост, за разлика од претходните години, со исклучок на родовата еднаквост кога станува збор за раководните позиции.

По повод Европскиот ден на жртвите на криминал, Канцеларијата на Народниот правобранител ги изнесе последните официјални податоци за жртвите на трговија со луѓе во 2021 година. Конкретно, мината година биле откриени 48 жртви на трговија со луѓе.[136]

При претставување на Годишниот извештај за 2021 година, Народниот правобранител истакна дека минатата година Народниот правобранител примил вкупно 3.075 претставки, а постапка е покрената во 2.085 случаи (или 67,80%) од вкупниот број случаи. Исто така, во 755 (35,82%) од случаите била утврдена повреда на човековите права и слободи.[137]

## Затвори и притворски капацитети

Народниот правобранител истакна дека проблемот со соодветна здравствена заштита на осудените и притворените лица сè уште не е решен. Речиси половина од затворските институции немаат лекар. Со цел да се надмине овој проблем, некои од затворите самите ангажираат лекари, за да не ги остават осудените и притворените лица без пристап до примарна здравствена заштита.[138]

## Заштита на лични податоци

Во првите два месеца од 2022 година, Агенцијата за заштита на лични податоци спровела 66 упатства, известувања и одговори на контролори во врска со перцепцијата на ризиците, правилата, заштитните мерки и права во однос на обработката на лични податоци; одржан е еден консултативен состанок (насоки) за предлог-закон, со цел органите на државната управа полесно да ги спроведуваат вредностите на заштита на лични податоци, согласно правилата предвидени во Законот за заштита на лични податоци; имало три укажувања на органи на државната управа и други државни органи во врска со регулативата и преостанатите правни инструменти објавени во „Службен весник“; две мислења во врска со предлог-закони, подзаконски акти и други материјали на полето на заштита на лични податоци.[139]

133 Ibid.

134 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Извештај за следењето на состојбата со примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2020 година“.

135 Ibid.

136 „Како до подобра превенција и заштита при борбата против трговија со луѓе? Настан организиран во рамките на радарот за организиран криминал за Западен Балкан“, службена интернет-страница на Институтот за демократија Societas Civilis Skopje, 22 февруари 2022, https://bit.ly/3LOdYQY.

137 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Презентација на Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2021 година“.

138 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021“, март 2022, http://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2021/GI-2021.pdf.

139 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Доставување на информации од јавен карактер“, 29 март 2022

Во јануари и февруари 2022 година, АЗЛП спровела вкупно 39 инспекциски надзори, од кои девет редовни, 13 ненајавени и 17 контролни инспекции. Покрај тоа, АЗЛП спровела 24 електронски надзори, од кои девет редовни и 15 контролни надзори.[140]

Од 50 претставки поднесени до Секторот за правни и општи работи во периодот од јануари до февруари 2022 година, најголем број се од лица кои имаат поплаки во врска со социјалните мрежи (40), имено лажни и хакирани профили, поплаки што се однесуваат на објавување фотографии, аудио- и видео-записи од други лица преземени од профилите на социјалните мрежи на други лица. Преостанатите поплаки се однесуваат на обработка на лични податоци преку системот за видеонадзор (4), директен маркетинг (3), поштенски услуги (2) и спроведување на правата на субјектите на личните податоци (1).[141]

АЗЛП објави Водич за законитоста на обработката на личните податоци[142] и донесе Методологија за хармонизација на секторската легислатива со Законот за заштита на лични податоци.[143]

АЗЛП потпиша Меморандум за соработка со Државниот инспекторат за труд[144] и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.[145]

АЗЛП издаде соопштение[146] од голема јавна важност во врска со информациите[147] за објавување решенија за лица кои треба да бидат во изолација заради позитивен КОВИД-19 тест на интернет-страницата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и во „Службен весник“, со цел електронско објавување на одлуките. Конкретно, АЗЛП изјави дека објавувањето на одлуките не е соодветно на начелото на законитост, правичност и транспарентност.

## Слобода на мисла, совест и религија

Привремениот престој на припадниците на еврејската верска група „Лев Тахор“, кои во Северна Македонија пристигнаа од Босна и Херцеговина во февруари 2022 година предизвика серија инциденти и го зголеми говорот на омраза. Иако МВР, односно Агенцијата за национална безбедност објасни дека оваа група има регулиран привремен претстој во земјата[148] и дека не претставува никаква опасност за безбедноста на граѓаните во земјата, тоа не го спречи избивањето

140 Ibid.

141 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Доставување информации од јавен карактер“.

142 Водич за законитоста на обработката на личните податоци, Агенција за заштита на лични податоци, 28 јануари 2022, https://bit.ly/3uhp4I5.

143 „Методологија за хармонизација на секторската легислатива со Законот за заштита на личните податоци“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 38/22.
Методологијата содржи насоки што ги регулираат активностите на министерствата во процесот на хармонизирање на секторското законодавство, што вклучува и процес на прегледување на постојните закони, како и процес на спроведување оценка на влијанието на Законот во однос на заштита на лични податоци, кои се во согласност со позитивните искуства од практиките во Европската унија и нејзините држави-членки, како и нејзиното законодавство.

144 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Државниот инспекторат за труд“, службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 16 февруари 2022, shorturl.at/cemE8.

145 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“, службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 24 февруари 2022, shorturl.at/hmIL4.

146 „Соопштение по однос на информациите за објавување на решенијата за лицата кои треба да бидат во изолација“, службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 3 февруари 2022, shorturl.at/insIS

147 „Решенијата за лицата кои треба да бидат во изолација ќе се објавуваат на интернет-страницата на ДСЗИ“, МИА – Медиумска информативна агенција, 1 февруари 2022, https://bit.ly/3jecfZ2

148 „Членовите на ’Лев Тахор‘ имаат привремен престој – власта повика на толеранција“, Радио Слободна Европа, 16 февруари 2022, shorturl.at/nLPRY.

на омраза, која ја загрози безбедноста на припадниците на оваа група. Притисокот со кој се соочија припадниците на оваа верска група во Куманово, продолжи во Скопје,[149] каде што неколку хотели одбија да ѝ дадат сместување на групата,[150] а припадниците на групата јавно се пожалија дека полицијата повеќе била пречка отколку од помош.[151] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поведе постапка за заштита од дискриминација на оваа верска група.[152]

## Слобода на изразување

По поднесувањето на нацрт-законот за изменување на Законот за матична евиденција до Собранието и откако тој остана блокиран во собраниската постапка и од страна на владејачките и од страна на опозициските пратеници, почнаа да се шират многу лажни вести во медиумите, а беа споделувани и изјави на политичари, кои не се засноваат на точни информации. На одредени лажни вести за погоренаведеното,[153] се осврна Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија.[154] Со цел да се подигне свеста за последиците од дискриминацијата и говор што вознемирува и со цел да се промовира независно, професионално и етичко известување, Советот за етика во медиумите и КЗСД потпишаа Меморандум за соработка.[155]

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Во првите два месеца од 2022 година, КЗСД прими 31 претставка за утврдување дискриминација. Дискриминација беше утврдена во 20 од нив, од кои десет се во областа на јавното информирање и медиумите (вклучително и социјалните мрежи), четири се на полето на работата и работните односи, три се однесуваат на пристапот до стоки и услуги, две на полето на образованието и една на полето на спортот. Во мислењата донесени од КЗСД утврдена е дискриминација на неколку основи истовремено, односно бројот е поголем од вкупниот број претставки. Конкретно, најголем дел од мислењата со кои се утврдува дискриминацијата се заснова на припадност на маргинализирана група (11), личен статус и социјален статус (9) и род и сексуална ориентација (8).[156] Петицијата од родители против 11-годишно дете со Даунов синдром да биде одвоено од одделението, каде што дотогаш учело со објаснување дека е „агресивна", случај за кој по првпат беше известено на социјалните мрежи, првично од таткото на девојчето, јавноста ја дочека со бурни реакции. КЗСД веднаш реагираше во случајот, отворајќи по службена должност случај на

149 „Еврејската група од Куманово е префрлена во Скопје, МВР апелира на толеранција", Телма ТВ, 15 февруари 2022, shorturl.at/borCU.

150 „Неколку хотели во Скопје одбиле да ја примат еврејската група", Faktor.mk, 15 февруари 2022, https://bit.ly/3LHkwk4.

151 „Ксенофобијата не е инцидентна појава во нашето општество", службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 16 февруари 2022, https://bit.ly/35MN38C.

152 Во согласност со член 21, став 1 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020.

153 Веста дека со донесувањето на Законот за матична евиденција се воведуваат истополовите бракови, што е целосно неточно, затоа што предлог-законот бара задолжителен развод за сите што сакаат законско признавање на родот. Понатаму, дека спроведувањето на овој закон ќе има буџетски импликации и секакви други негативни влијанија врз општата јавност. Исто така, ширењето паника дека овој закон може да придонесе кон широкораспространета злоупотреба, без да се провери практиката во земјите каде што вакви закони веќе подолго време се во сила и каде што досега не е утврдена злоупотреба на законското признавање на родот.

154 „Мрежата за борба против хомофобија и трансфобија ја осудува Одлуката за повлекување на предлогот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција", ТВ 21, 22 март 2022, https://bit.ly/3raynaR.

155 „Потпишан меморандум за соработка меѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Министерството за внатрешни работи", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (блог), 9 март 2022, https://bit.ly/3KhG46x.

156 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Доставување на информации од јавен карактер", 12 април 2022.

сегрегација и подвлече дека ќе изврши надзор во училиштето, како и дека веќе е во контакт со градоначалникот на Гостивар и директорот на училиштето.[157] Случајот исто така го испитува и Народниот правобранител, кој отвори случај по сопствена инцијатива.[158] По одредени остри реакции, министерот за труд и социјална политика и министерот за образование и наука, Јетон Шаќири, имаа средба со родителите, на која присуствуваа и директорот на Центарот за социјална работа – Гостивар и директорот на училиштето. По состанокот, министерот истакна дека проблемите се надминати и дека девојчето е вратено на училиште.[159] Истиот ден, Државниот просветен инспекторат, по инспекциски надзор во училиштето, објави соопштение дека сите лица вклучени во образовниот процес добиле упатство да донесат соодветни мерки и да преземат соодветни активности, односно да донесат посебно изготвени програми за инклузија во образовниот процес.[160]

Како дел од активностите за подобрување на квалитетот на нејзиното работење, КЗСД потпиша Меморандум за соработка со МВР, во кој конкретно се дефинира размената на информации и податоци, како и одреден број на различни форми на заедничко дејствување.[161]

КЗСД дала свој придонес кон консултациите на Европската комисија за развој на стандарди за телата за еднаквост.[162]

Владата донесе Уредба за правото на лицата со попреченост да бидат изземени од плаќање партиципација за студирање.[163] Конкретно, Владата им овозможи на сите лица со попреченост кои се запишуваат во прв, втор или трет циклус на студии на јавните високообразовни институции да бидат изземени од партиципација. Покрај тоа, лицата со статус на деца без родители и родителска грижа, невработените родители на деца и лица со статус на воени инвалиди исто така се изземени од плаќање партиципација.[164]

## Род

о првите два месеца од годината, КЗСД утврдила родова дискриминација во вкупно два случаја и дискриминација врз основа на родов идентитет во вкупно седум случаи.[165]

157 „Отворена постапка по службена должност за сегрегација на четвртоодделенката Ембла од Гостивар", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 февруари 2022, shorturl.at/yOQZ0.

158 „Случајот за ученичката Ембла од Гостивар ќе го испитува Народниот правобранител", 360 степени, 3 февруари 2022, https://bit.ly/3Kh-LKO0.

159 „Тренчевска: Инклузијата им дава шанса на децата со попреченост во иднина да придонесуваат во општеството", службена интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика (блог), 3 февруари 2022, https://bit.ly/38DvIAl.

160 „Утврдени пропусти во случајот со Ембла од Гостивар", Фокус, 7 февруари 2022, https://bit.ly/3v4btD4.

161 „Потпишан меморандум за соработка меѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Министерството за внатрешни работи".

162 (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Важноста, улогата и предизвиците за телата за еднаквост во унапредувањето на еднаквоста и борбата против дискриминацијата, Придонес кон процесот на јавни консултации 'Тела за еднаквост – обврзувачки стандарди'", Commission for Prevention and Protection against Discrimination, 'Importance, Role and Challenges for Equality Bodies in the Promotion of Equality and the Fight against Discrimination Contribution to the Public Consultation Process "Equality Bodies – Binding Standards"', 16 март 2022, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/03/CPPD-Contribution-EC.pdf.

163 „Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 61/2022.

164 Ibid.

165 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Доставување на информации од јавен карактер", 12 април 2022.

Во март 2022 година, решавањето на случајот „Јавна соба“'[166] во прв степен и четиригодишната затворска казна определена за сторителите[167] ја зацврсти недовербата во институциите и потребата итно да се донесат најавените измени на Кривичниот законик, кои овозможуваат гонење на сите видови на сексуално вознемирување.[168] ГО изразија длабоко незадоволство со начинот на решавање на случајот од страна на судот, кој определи затворска казна двапати помала од законски утврдената минимална казна.[169]

Со донесување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство се утврдија надлежностите на локалната самоуправа на ова поле.[170] Во овој контекст, се најави отворањето на Регионалниот советодавен центар за помош и поддршка на жените и децата жртви на родово базирано и семејно насилство во пелагонискиот регион.[171]

Владата го разгледа и го прифати Националниот акциски план за заштита, унапредување и исполнување на човековите права на жените и девојките Ромки 2022-2024.[172]

## Говор на омраза

Со извештај од мониторингот на онлајн-говорот на омраза против Ромите, спроведен од Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ и Регионалното младинско здружение за образование на Ромите (РРОМА),[173] утврдено е дека најчесто онлајн-говорот на омраза против Ромите се јавува на „Фејсбук“. Дадена е препорака институциите да се запознаат со терминот „антициганизам“, како специфична форма на расизам против Ромите. Овој термин и официјално е прифатен од Владата во новата Стратегија за Ромите.[174]

## ЛГБТИ+

Во првите два месеца од 2022 година, КЗСД утврди родова дискриминација врз основа на сексуална ориентација во вкупно осум случаи.[175]

166 Приватната група на апликацијата „Телеграм“, во која се објавувани фотографии и лични податоци од жени со порнографски конотации, беше откриена на почетокот на 2021 година. Во јавноста случајот стана познат како „Јавна соба“, кога жртвите на злоупотреба на социјалните мрежи алармираа за злоупотребата од следачи на социјалните мрежи, понижувачкото искуство за нив и недејствувањето на полицијата.

167 „Обвинетите за 'Јавна соба' добија по четири години затвор“, Радио МОФ, 11 март 2022, https://www.radiomof.mk/obvinetite-za-javna-soba-dobija-po-chetiri-godini-zatvor/.

168 Измените на Кривичниот законик, кои се поднесени до Владата во септември 2021 година и за кои почна јавна расправа во Собранието во 2021 година, предвидуваат целосна хармонизација со Истанбулската конвенција

169 Член 193 од Кривичниот законик.

170 Член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 24/2021.

171 „Битола добива Регионален советодавен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство“, службена интернет-страница на Општина Битола, 7 март 2022, https://bit.ly/3DQgun5.

172 Министерство за труд и социјална политика, „Национален акциски план за заштита, унапредување и исполнување на човековите права на жените и девојките Ромки 2022-2024“, ноември 2021, shorturl.at/dorLZ.

173 Regional Roma Educational Youth Association 'РРОМА' and Institute for Research & Policy Analyses 'Romalitico', Macedonian Report on Monitoring Online Hate Speech against Roma (Регионално младинско здружение за едукација на Ромите – РРОМА и Институтот за истражување и анализа на политиките „Ромалитико“ (Македонски извештај од мониторинг на онлајн-говорот на омраза кон Ромите), декември 2021, https://bit.ly/3DMSMb4.

174 „Одржана конференцијата 'Говор на омраза кон ромската заедница во онлајн-сферата како дел од антициганизмот'“, службена интернет-страница на Институтот за истражување и анализа на политиките „Ромалитико“, 18 февруари 2022, https://romalitico.org/index.php/en/vesti/93-news/press-releases/471-konferencija-govor-omraza-kon-romi-mediumi.

175 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Доставување на информации од јавен карактер“, 12 април 2022.

Владата го повлече предлог-законот за измена на Законот за матична евиденција,[176] еден ден пред да биде разгледан од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Веќе една година, пратениците и од позицијата и од опозицијата го држат нацрт-законот блокиран во собраниска постапка. Причината што Владата ја даде за повлекувањето на Законот е дека тој треба да се финализира. Според заменик-претседателот на Владата Артан Груби, „нацрт-законот е повлечен затоа што еден граѓанин го доби случајот во Стразбур и тој треба да се измени со цел да се усогласи со судските пресуди".[177] Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија силно ја осуди одлуката на Владата да го повлече Законот. Според Мрежата, Владата не ја исполнува нејзината обврска, која произлегува од пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот X против Северна Македонија за промена на родовиот маркери во матичната евиденција.[178]

## Роми

На нејзината четиринаесетта седница[179] Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и ја усвои Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.[180] Новата стратегија се раководи од заложбите од Декларацијата од Познањ за земјите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на ЕУ,[181] а ги следи и насоките предвидени во Стратешката рамка на ЕУ за Ромите.[182] Исто така, Владата го разгледа и го прифати националниот акциски план за заштита, унапредување и исполнување на човековите права на жените и девојките Ромки, а по предлог на Министерството за труд и социјална политика.[183]

Во согласност со погоренаведеното, се одржа дводневен состанок, на кој присуствуваа претставници на Владата, Собранието, меѓународни и граѓански организации.[184] Министерот за труд и социјална политика ги претстави проектите и правните решенија насочени кон постигнување на конкретни цели, особено во области како што се образование, вработување, домување и обезбедување на лични документи за лицата кои немаат лични документи.[185] На состанокот исто така беа нагласени подготовките за спроведување на зелената и дигиталната агенда и начините за инклузија на Ромите во нив.[186]

176 ЕНЕР, „Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција", 2019, https://bit.ly/3JjKitk.

177 „Повлечен владиниот предлог-закон за промена на полот со нотарска изјава", ТВ 24, 22 март 2022, https://bit.ly/3ra8FTQ.

178 Мрежата за борба против хомофобија и трансфобија ја осудува Одлуката за повлекување на предлогот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција", shorturl.at/luO02.

179 https://vlada.mk/node/27774.

180 „Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030", Влада на Република Северна Македонија.

181 Regional Cooperation Council, "Declaration of the Western Balkan Partners on Roma Integration in the EU Enlargement Process" (5 July 2019) (Регионален совет за соработка, „Декларација на партнерите од Западниот Балкан за интеграцијата на Ромите во рамките на процесот на проширување на ЕУ"), <https://www.rcc.int/romaintegration2020/files/admin/docs/866ab25893dd6d9271ebccbf-d195349e.pdf>.

182 European Commission, "Guidelines for Planning and Implementing National Roma Strategic Frameworks" (Европска комисија, „Насоки за планирање и спроведување на националните стратешки рамки за Ромите").

183 „Триесет и четврта владина седница: Олабавување на рестриктивните мерки за спречување на ширење на корона вирусот".

184 „Тренчевска: Целосна инклузија на Ромите во општеството е обврска на која заедно работиме", службена интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика, 24 февруари 2022, https://bit.ly/3r8AMmv.

185 Инклузија на 400 деца Роми во процесот на претшколско образование со бесплатен престој во градинките, 700 стипендии за средношколци Роми секоја година, висока стапка на вработеност на Ромите во државната и јавната администрација, поддршка за домување, во однос на легализација на нивните домови – сите наведени како исполнети цели, на кои Министерството работело во изминатиот период заедно со неговите партнери.

186 Инклузија на Ромите во дигиталната агенда преку подобрување на пристапот кон дигитални уреди, дигиталната писменост, поддршка за децата Роми на полето на образованието, пазарот на трудот во однос на стекнување и примена на соодветни вештини, како и поддршка за претприемачите Роми во дигитализацијата на нивните дејности. Во контекст на зелената агенда, инклузија на Ромите во циркуларната економија, со трансформација на системите за управување со различен вид отпад и други ресурси и нивна инклузија во иновативните модели за обновлива енергија.

Сепак, домувањето за Ромите останува прашање што предизвикува загриженост. Хелсиншкиот комитет за човекови права известува дека неколку ромски семејства се соочуваат со враќање во социјален ризик. Имено, тие добиле одлука од МТСП да го напуштат привремeното живеалиште во Прифатниот центар Визбегово, без притоа да се направат планови за нивна понатамошна интеграција во општеството.[187]Целта на привременото сместување на Ромите од под Калето во Прифатниот центар во Визбегово беше да им се помогне во нивната инклузија на пазарот на трудот, да им се обезбеди социјална заштита и здравствена грижа, документи за идентификација, потоа децата да бидат вклучени во образовниот систем и да се најде трајно решение за нивно домување, со крајна цел да се извлечат од сиромаштија. Нивното иселување во овој период, без план за помош за домување, барем во периодот веднаш по нивното иселување од прифатниот центар, веднаш ќе ги врати во сиромаштија. Покрај тоа, претставувајќи го годишниот извештај за 2021 година, Народниот правобранител истакна дека ромските семејства чиишто импровизирани живеалишта изгореа во ноември 2021 година во Гостивар, сè уште се без соодветно сместување.[188] КЗСД постапи по претставка поднесена од Европскиот центар за правата на Ромите во Брисел против сегрегација врз основа на етничка припадност[189] и донесе општа препорака[190] за локалните власти, директорите на училиштата, Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат.

187 „Ромски семејства се соочуваат со присилно иселување од прифатниот центар во Визбегово", службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 30 март 2022, https://bit.ly/3r45dKD.

188 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021".

189 „Донесена општа препорака за десегрегација на децата Роми при упис во училиштата", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 11 февруари 2022, shorturl.at/ovDRY.

190 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Мислење", 8 февруари 2022, https://bit.ly/3NR2hL3.

